24/12/2020 - 07:40 0

Денеска ново рочиште за аферата „Монструм“
24/12/2020 - 07:32 0

Силвана Бонева денеска седнува на обвинителна клупа
24/12/2020 - 07:30 0



ВИДЕО | Турција ја враќа ЕУ на својата агенда – порака и...
23/12/2020 - 12:20 0

ВИДЕО | Младен Чадиковски и Александра Данаиловска за новинарството во 2020 година
23/12/2020 - 11:43 0



# ВИДЕО+ФОТО: Притвор за 27-годишник од Синѓелиќ: Бо бункер криел хероин, кокаин и оружје

од Слободен печат 22/12/2020 - 18:54 0

СПОДЕЛИ 0

**Основното јавно обвинителство Скопје донесе Наредба за спроведување истражна постапка против 27 годишен жител на село Синѓелиќ, Скопје, поради постоење на основано сомнение дека ги сторил кривичните дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ од член 215 став 1 и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 став 2 во врска со став 1 од Кривичниот законик.**



При извршен претрес на 21.12.2020 година, во 12.30 часот, во семејната куќа на осомничениот, во помошна просторија – гаража во вградени специјални бункери во бетонскиот носач, службените лица пронашле наркотична дрога – **хероин спакувана и обвиткана во различни пакувања во вкупна грамажа од 4070,4 грама и наркотична дрога – кокаин спакувана во различни пакувања со вкупна тежина од 864,98 грама.**

Прочитајте и... Локал во Пирок работел после полноќ, сопственикот ќе заработи кривична пријава

Осомничениот заедно со дрогата која ја држел неовластено заради продажба, криел и една дигитална вага DIGITAL SCALE.





**Во бункерот било пронајдено и оружје и муниција од поголемо количество и тоа вкупно 235 куршуми во различен калибар и тоа 150 куршуми калибар 9мм Luger спакувани во различни кутии, 44 куршуми калибар 357 и 19 куршуми калибар 9мм, како и еден пиштол марка HS со една рамка со 16 куршуми калибар 9 мм, еден револвер марка МАГНУМ 357, како и 7357 М 83/94 ZASTAVA со шест куршуми калибар 357 MAGNUM.**




Бидејќи постојат околности што укажуваат на опасност од бегство, како и особени околности кои го оправдуваат стравот дека осомничениот ќе го повтори кривичното дело, јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје до Основниот кривичен суд Скопје достави предлог за определување на мерката притвор за осомниченото лице.

Прочитајте и... Поднесено обвинение против татко и син за дрога и оружје



**Судот го прифати предлогот, па со Решение на осомничениот му определи притвор во траење од 30 дена.**

ОЈО СКОПЈЕ ХРОНИКА

СПОДЕЛИ 0

ВИДЕО НА ДЕНОТ

НАЈЧИТАНИ

Бившата сопруга на Бојко Борисов скршена од тага, не може да се помири со големата загуба

ВИДЕО I Автомобил „Бентли“ влета на скопски плоштад, пешаците панично се тргнаа настрана

Конечно Ивермектинот доаѓа и во Македонија!

Летаат во авион Тито, Хитлер и Захариева…

ФОТО: Полицијата го пронајде возачот кој со „Бентли“ влета на скопскиот плоштад и го казни со 45 евра

Спасовски ќе го враќа Груевски: Мора да ја одлежи казната

Поранешниот амбасадор Есмеров ја кажа вистината за партиските уплатници на ВМРО-ДПМНЕ

ФОТО | Лепа Брена со новата фризура ги воодушеви фановите: „Изгледате најмалку 20 години помладо, ова е феноменално!“

Гал Гадот: Треба да знаете дека Клеопатра била Македонка!

ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

На наплатната рампа кај Желино: Приведени тројца дилери, пронајден кокаин

По Скопје и Битола, заплена и во Тетово: Полицијата одзеде над 2.000 парчиња пиротехника и приведени две лица

СВР Битола: Запленети 2.400 парчиња на пиротехнички средства

МВР приведе лице што се барало со потерница

Помалку „пау-пау“ за Нова година: МВР заплени 13.500 парчиња петарди на Бит пазар, приведено и лице од Студеничани

Обвинение против двајца државјани на Албанија за фалсификување на документите

ОСТАВИ КОМЕНТАР

Вашиот коментар...

Име* Е-маил Вебсајт

Save my name, email, and website in this browser for the next time I comment.

ИСПРАТИ КОМЕНТАР